**З А П И С Н И К**
**од Четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 13.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 13.6.2017 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљиji, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата присуствуваа и претставник од Министерството за финансии и претставник од Министерството за здравство.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи и Мила Царовска, министер за труд и социјална политика.

*

*　　　*

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- Усвојување на Записникот од 1-та седница на Владата, одржана на 5.6.2017 година
- Усвојување на Записникот од 2-та седница на Владата, одржана на 6.6.2017 година
- Усвојување на Записникот од 3-та седница на Владата, одржана на 7.6.2017 година

## ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Итни реформски приоритети за Република Македонија
- Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

1. Информација за статусот на преговорите за потпишување на Договорот за основање на транспортна заедница, со усогласен текст на Договор
2. Информација за донесување на Одлука за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање на Комплекс клиники „Мајка Тереза“ - Скопје
3. Предлог-уредба за изменување на уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година
4. Предлог-програма за изменување и дополнување на програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година
5. Информација во врска со Предлог-одлука за престанок на мандатот по сила на закон за градоначалникот на Општина Боговиње
6. Информација во врска со Предлог-одлука за престанок на мандатот по сила на закон за градоначалникот на Општина Липково

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

7. Кадровски прашања
8. Прашања и предлози

## В) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ

9. Предлог-закон за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка

10. Информација за Годишното собрание на акционери на Европа Ре што ќе се одржи на 21 јуни 2017 година во Цирих, Швајцарија
11. Предлог-одлука за именување на гувернер на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој
12. Предлог-одлука за именување на заменик-гувернер на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој
13. Предлог-одлука за именување на гувернер на Република Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите
14. Предлог-одлука за именување на заменик-гувернер на Република Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите
15. Информација во врска со заклучоците за преземање на предмети и надлежности од Комисијата за вршење проценка на оштетувањата на недвижниот и движниот имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Скопскиот и Тетовскиот регион

*

*          *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 1-та, 2-та и 3-та седница на Владата, одржани на 5.6.2017 година, 6.6.2017 година и 7.6.2017 година.

*

*          *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Итни реформски приоритети за Република Македонија**

Владата расправајќи за Итните реформски приоритети за Република Македонија ја утврди динамиката на натамошните активности и ги донесе следните заклучоци:

1. На 14.6.2017 година (среда) да се одржи средба на која да присуствуваат претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, од Кабинетот на д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, Кабинетот на м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана и Кабинетот на м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи со цел да се подготви соодветен материјал кој ќе се разгледува на состанокот на Специјалната министерска работна група, кој ќе биде патоказ за реализација на понатамошните активности.

2. На 16.6.2017 година (петок) да се одржи состанок на Специјалната министерска работна група на кој да присуствува Зоран Заев, претседател на Владата на Република Македонија и членовите на работната група и на кој да се подготват материјалите за првата тематска седница на Владата.

3. На 19.6.2017 година (понеделник), со почеток во 12 часот да се одржи првата тематска седница на Владата за Итните реформски приоритети за Република Македонија, која ќе биде подготвителна седница за седницата на Владата, што ќе се одржи на 26.6.2017 година, во присуство на комесарот за проширување на Европската Унија, Јоханес Хан.

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

Заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, ги информираше членовите на Владата за исходот од состанокот на високата владина делегација на Република Македонија со раководството на НАТО, на кој Министерството за одбрана презема обврска да пристапи кон суштински реформи, модернизација на одбраната, професионализација како и зголемување на придонесот на Република Македонија при учеството во мисијата на НАТО во Авганистан.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на преговорите за потпишување на Договорот за основање на транспортната заедница, со усогласен текст на Договор и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Договорот за основање на транспортната заедница.

2. Го определи м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, во име на Владата на Република Македонија, да го парафира и потпише Договорот за основање на транспортната заедница, со писмо замена за потпис.

3. Се задолжува Министерството за надворешни работи веднаш да ја информира Европската комисија дека Владата на Република Македонија пристапи кон потпишување на Договорот за основање на транспортната заедница.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања имајќи го предвид укажувањето во Мислењето на Секретаријатот за законодавство, а со оглед дека во делот од Анекс 1 од Договорот не се предвидени рокови и динамика за усогласување со ЕУ регулативата во НППА, да предвиди соодветни рокови за нивно усогласување.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по Информацијата за донесување на одлука за давање на стопанисување, користење и одржување на паркинг просторот за организирање на паркирање на Комплексот клиники „Мајка Тереза“ - Скопје, сопственост на Република Македонија, се информираше за состојбата и проблемите при функционирањето на Комплексот клиники „Мајка Тереза“ - Скопје во однос на користењето и одржувањето на паркинг просторот и согласно расправата на седницата на Владата го задолжи Министерството за здравство, во соработка со Министерството за транспорт и врски, Секретаријатот за законодавство и Министерството за финансии, да ја утврди фактичката состојба, како и правата и обврските кои произлегуваат од Договорот за закуп склучен помеѓу Министерството за здравство и Град Скопје на 3.1.2013 година и во најкраток рок до Владата да достави информација со конкретни предлози во врска со решавање на ова прашање.

**Точка 3**

Владата ја донесе Уредбата за изменување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2017 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство да ја информира јавноста за поволностите што се предлагаат за земјоделците со измените на предметната уредба.

**Точка 4**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлука за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Боговиње, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Боговиње, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлука за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Липково, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок на мандатот по сила на закон на градоначалникот на Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 7**

1. Владата на Бесир Јашари му утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, поради истек на мандатот.

2. Владата на Бехиџудин Шехаби му утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за култура, поради истек на мандатот.

3. Владата на Анета Димовска и утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за економија, поради истек на мандатот.

Истовремено, Владата на Анета Димовска, државен секретар во Министерството за економија по истекот на мандатот за кој е именувана и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 31.5.2017 година до 31.5.2018 година.

4. Владата на д-р Соња Лепиткова и утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање, поради истек на мандатот.

5. Владата на Насуф Ипчја му утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството здравство, поради истек на мандатот.

6. Владата на Јахи Јахија му утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за информатичко општество и администрација, поради истек на мандатот.

7. Владата на Илија Ристовски му утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за правда, поради истек на мандатот.

Истовремено, Владата на Илија Ристовски, државен секретар во Министерството за правда по истекот на мандатот за кој е именуван му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 31.5.2017 година до 31.5.2018 година.

8. Владата на Игор Димитров му утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за финансии, поради истек на мандатот.

Истовремено, Владата на Игор Димитров, државен секретар во Министерството за финансии по истекот на мандатот за кој е именуван му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 31.5.2017 година до 31.5.2018 година.

9. Владата на Енвер Хусејин му утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за труд и социјална политика, поради истек на мандатот.

10. Владата на Елизабета Тодоровска и утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за образование и наука, поради истек на мандатот.

Истовремено, Владата на Елизабета Тодоровска, државен секретар во Министерството за образование и наука по истекот на мандатот за кој е именувана и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 31.5.2017 година до 31.5.2018 година.

11. Владата на Елена Кузмановска и утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за надворешни работи, поради истек на мандатот.

12. Владата на Божидар Петроски му утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за транспорт и врски, поради истек на мандатот.

Истовремено, Владата на Божидар Петроски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски по истекот на мандатот за кој е именуван му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 31.5.2017 година до 31.5.2018 година.

13. Владата на Билјана Цветановска - Гугоска и утврди престанок на функцијата државен секретар во Министерството за локална самоуправа, поради истек на мандатот.

Истовремено, Владата на Билјана Цветановска - Гугоска, државен секретар во Министерството за локална самоуправа по истекот на мандатот за кој е именувана и утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 31.5.2017 година до 31.5.2018 година.

14. Владата на Ана Блажеска и утврди престанок на функцијата државен секретар во Секретаријатот за европски прашања, поради истек на мандатот.

15. Владата на Кирил Божиновски, разрешен од функцијата генерален секретар на Владата на Република Македонија му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 5.6.2017 година до 5.6.2018 година.

16. Владата ја именува Магдалена Несторовска за државен секретар во Министерството за внатрешни работи и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

**Точка 8**

1. По повод укажувањето на Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, а во врска со наводите дека во Управата за јавни приходи се подготвени голем број на опомени/решенија за присилна наплата од сметките на граѓаните, како и дека се вршат кадровски разместувања на вработени кои моментално се на годишен одмор, Владата заклучи:

Д-р Драган Тевдовски, министер за финансии да стапи во контакт со директорот на Управата за јавни приходи и да ја провери оваа информација со цел да се спречи можноста да се нанесе штета на граѓаните.

2. По повод укажувањето на Билен Саљији, министер за правда, по иницијативата од Фудбалската федерација на Македонија, во врска со договорот што треба да се потпише со УЕФА во однос на претстојниот УЕФА Суперкуп натпревар, кој ќе се одигра на 8 август 2017 година на арената Телеком во Скопје, Владата го задолжи Министерството за правда да подготви и во редовна владина постапка да достави предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, во насока на определување на казни и санкционирање за сите препродавачи и фалсификатори на билети.

3. Во врска со доставеното Писмо од претседателот на Собранието на Република Македонија под бр.08-2/29 од 5 јуни 2017 година, со кое се бара Владата на Република Македонија да се произнесе дали останува на текстовите на предложените мислења наведени во Писмото, Владата заклучи да го извести Собранието на Република Македонија дека ги повлекува од собраниска постапка текстовите на доставените мислења до Собранието на Република Македонија.

Истовремено, Владата заклучи следниве материјали: Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско претстапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското претстапништво во 2015 година; Годишна програма за работа на ЈРП Македонска радио-телевизија за 2017 година и Финансиски план на Јавно радиодифузно претпријатие Македонска радио-телевизија за 2017 година, со Одлука за усвојување на Годишна програма за работа на ЈРП Македонска радио-телевизија за 2017 година; Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година, со Одлука за усвојување на Предлог-годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година, Предлог-годишен финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година, со Одлука за усвојување на Предлог-годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година; Годишен изештај за работа за 2015 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор, со Предлог – одлука за одобрување на Годишниот изештај за работа за 2015 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор; Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година, со Предлог-одлука за одобрување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2016 година; Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2017 година, со Предлог-одлука за одобрување; Годишна програма за работа на Агенцијата за пошти за 2017 година и Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година, со Одлука за усвојување на Предлог-годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година, Предлог годишен

финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година, со Одлука за усвојување на Предлог годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2017 година, повторно да се разгледаат во редовна владина постапка, за што е потребно ресорните министерства да достават нови мислења по истите.

4. Д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како претставник на Владата од редот на министрите кој ќе учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Македонија, ги информира членовите на Владата за остварената прва координативна средба во Собранието на Република Македонија.

По овој повод, Владата заклучи:

1) Се определува Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции за заменик-претставник на Владата од редот на министрите којшто ќе учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Македонија.

2) Согласно Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија, на пленарните седници на Собранието на Република Македонија и на седниците на работните тела, согласно точките на дневниот ред да присуствуваат министрите или замениците на министрите.

3) Се задолжуваат д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како претставник и Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како заменик-претставник на Владата од редот на министрите кој што ќе учествува на неделните координативни средби во Собранието на Република Македонија, прашањата кои ќе произлезат од овие средби да ги пренесуваат директно на ресорните министри или во зависност од прашањето да го информираат претседателот на Владата или неговите заменици, со цел поефикасно и мобилно решавање на прашањата.

5. Владата заклучи ресорните министерства да направат анализа во постојните и планираните капитални инвестиции/проекти кои се или ќе бидат предвидени за реализација до крајот на годината со цел да се предвидат средства за истите во ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година.

6. Министерот за финансии д-р Драган Тевдовски ги информираше членовите на Владата за тековните активности во врска со подготовката на ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2017 година и потребата за навремено доставување на сите неопходни информации од институциите за подготовката на истиот.

7. Владата, по повод укажувањето на Хазби Лика, заменик на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем заклучи Статусот на реализација на Рамковниот договор да се разгледува како точка на секоја редовна седница на Владата, во делот на точките од Пред преминување на Дневниот ред.

8. Владата заклучи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да достави ургенција за постапување до институциите кои не доставиле податоци до Министерството за финансии согласно Извадокот од Нацрт – записникот од 1-та седница на Владата, одржана на 5.6.2017 година, точка 6 - Информација за достасани ненамирени обврски и вкупни (недостасани) обврски на буџетските корисници, со цел истите да постапат по задолжението во најкраток можен рок.

9. Владата во врска со укажувањето на д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, а во врска со актуелната состојба со депонијата во Општина Струга заклучи:

1) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање денес (13.6.2017 година) да формира работна комисија со претставници од Министерството за транспорт и врски, Министерството за здравство, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и Дирекцијата за заштита и спасување.

2) Комисијата во текот на утрешниот ден (14.6.2017 година) да излезе на терен, да се направат консултации со градоначалникот на Општина Струга и засегнатите граѓани, со цел запознавање на проблемите во однос на депонијата и во најкраток можен рок да подготват и до Владата да достават информација со конкретни заклучоци за брзо и ефикасно решавање на овој проблем.

3) Комисијата да направи соодветни анализи и консултации и во работата по потреба да вклучи и други институции, со цел изнаоѓање начин/систем за долгорочно решавање на овој проблем.

10. Во врска со доставеното Писмо од претседателот на Собранието на Република Македонија под бр.08-2/30 од 5 јуни 2017 година, со кое се бара Владата на Република Македонија да се произнесе дали останува на предлог-одлуките наведени во Писмото, Владата заклучи да го извести Собранието на Република Македонија дека останува на текстовите на Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, „Алтеа“ во Босна и Херцеговина; Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировна операција на Европската Унија, „Алтеа“ во Босна и Херцеговина и Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан, доставени до Собранието на Република Македонија со писмо бр. 44-1237/1, 44-1226/1 и 44-1252/1 од 22 март 2017 година.

Истовремено, Владата за претставник на Владата на Република Македонија во Собранието по предлог-одлуките, ја определи м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана, а за повереник Марија Рашковска, државен советник во Министерството за одбрана.

**<u>Точка 9</u>**

Владата го разгледа Предлог-законот за дополнување на Законот за земјоделство и рурален развој, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставник на Владата на Република Македонија во Собранието е определен Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереник Драганчо Стојчев, државен советник во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за Седмото годишно собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 21 јуни 2017 година во Цирих, Швајцарија и ја усвои со следниве заклучоци:

- се овластува Рефет Хајдари, амбасадор на Република Македонија во Швајцарската Конфедерација во Берн, да ја претставува Владата на Република Македонија на Годишното собрание на акционери на Европа Ре, што ќе се одржи на 21 јуни 2017 година, да одлучува и да гласа во нејзино име на следниот начин:

- по точката 1: Презентација и одобрување на финансиските извештаи на Европа Ре за 2016 година, да гласа „ЗА“;
- по точката 2: Одобрување на Годишниот финансиски резултат за 2016 година, да гласа „ЗА“;
- по точката 3: Одобрување на активностите на членовите на Одборот на директори и менаџментот, да гласа „ЗА“;
- по точката 4: Реизбор на Одборот на директори, да гласа „ЗА“ и
- по точката 5: Избор на ревизорска фирма, да гласа „ЗА“.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за именување на гувернер на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој, во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за именување на заменик гувернер на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за именување на гувернер на Република Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за именување на заменик гувернер на Република Македонија во групацијата Светска банка - Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународното здружение за развој, Меѓународната финансиска корпорација и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите, во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со заклучоците за преземање на предмети и надлежности од Комисијата за вршење проценка на оштетувањата на недвижниот и движен имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Скопскиот и Тетовскиот регион и ја усвои со следните заклучоци:

1. Формира Комисија за вршење на проценка на оштетувањата на недвижниот и движен имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Скопскиот и Тетовскиот регион, составена од претставници од Бирото за судски вештачења, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за финансии, Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, вклучително и Државното правобранителство на Република Македонија, со цел Комисијата да ја продолжи и целосно да ја дореализира работата со предметите кои биле во надлежност на истата.

За оваа цел, ги задолжи горенаведените институции до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да номинираат членови за Комисијата за вршење на проценка на оштетувањата на недвижниот и движен имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Скопскиот и Тетовскиот регион.

2. Се задолжува Комисијата за вршење на проценка на оштетувањата на недвижниот и движен имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Скопскиот и Тетовскиот регион, во состав од лицата номинирани, согласно заклучокот број еден, да ги преземе сите предмети кои биле во надлежност на Комисијата со претходен состав, за натамошно постапување и за текот и преземените активности да ја информира Владата.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.50 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**